# 2008

# куманoвски скулптори



Азир Азири е роден е 1968 во с. Лопате - Кумановско. Дипломирал 1998 на Универзитетот во Тетово на вајарскиот отсек, кај проф. Љуан Малиќи. Работи како наставник по ликовно воспитување во О.У. "Битолски конгрес" во с. Лопате. Досега има учествувано во повеќе проекти и десетина групни ликовни изложби како и реализација на 2 самостојни претставувања, а во 2007 е учесник на групната изложба на скулптури - "Скулптури на новото време 2007".



"Акт" , дрво, 1998



"Флексија" , полиестер, 2000



Сашо Андевски е роден е 1965 во Куманово. Дипломирал 1990 на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, отсек вајарство во класата на професорите Петар Хаџи Бошков и Бранко Конески. Учествува во работата на повеќе ликовни проекти, ликовни колонии и групни изложби во Македонија. Реализира и две самостојни изложби 1990 и 1992. Живее и работи во Куманово како ликовен педагог, но активно е вклучен во продукција на свои нови скулптури. Од понов датум му е учеството на групната изложба "Скулптури на новото време 2007".



Синиша Кашавелски е роден 1969 во Куманово. Дипломирал на ФЛУ Скопје отсек вајарство. Член е на ДЛУМ и во изминатиот период има учествувано во повеќе самостојни и групни проекти. Од понов датум му е самостојната изложба во 2005, а има учествувано и на неколку групни проекти за скулптура организирани од НУ Центар за култура - Куманово. Живее и работи во Куманово како самостоен уметник.



“Форма 1“ , теракота, 1993



“За ритамот на полните празнини“,
комбинирана техника во метал, 2005



Марина Цветановска - Мартиновска е родена 1977 во Куманово. Дипломирала 2000 на педагошки оддел, насока вајарство со сценографија во класата на проф. Станко Павлески на ФЛУ, Скопје. Во 2005 завршува постдипломски студии по вајарство на ФЛУ под менторство на проф. Станко Павлески. Член на ДЛУМ од 2000. Вработена како ликовен педагог во О.У. “Браќа Миладиновци“ Куманово од 2001. Самостојно изложби: 2002 “Посакувајќи“ - Куманово, Штип, 2003 Струмица; 2004 “...БЕЗ ПОЧЕТОК“ (Cite Internationale des Arts - Paris) 2005 - “1 2 3 4 5 6 7“ Скопје, Куманово, 2006 Инсталација “Решение од идниот број“ Скопје); 2007 Инсталација “за полното и празното“ - Прима центар Берлин, Куманово.



Мирослав Величковски е роден 1983 во Скопје. Завршил ФЛУ во Скопје 2006 Учествувал на: VI студентско Интернационално АРТ Биенале 2005 во Скопје - МГ Скопје; Кумановски ликовни уметници 2005 - Галерија Куманово; Штипско културно лето 2005; Апсолвенти на ФЛУ 2005 - Скопје - Галерија Куманово; “Кумановски ликовни уметници 2006“ - Галерија Куманово; “Скулптури на новото време 2007“ - НУ Центар за култура - Куманово и др.



Протектор III, комбинирана техника, 2006



“Флејтист“ , алуминиум, 2007



Вања Зафировска е родена 1977 во Куманово. Завршува средно уметничко училиште во Скопје како керамичар, а 2006 година дипломира на ФЛУ - Скопје, вајарство со конзервација и реставрација во класата на проф. Конески. Учествувала во неколку групни проекти. Живее и работи во Куманово.

Идејата да се претстави поголем дел од академските ликовни уметници од Куманово на македонската ликовна сцена ќе се комплетира со презентирањето на скулпторите. (Графичарите ги промовиравме со неколкугодишниот серијал "Кумановски графичари", а дел од сликарите претставивме со проектот на цртежи насловен како "Скици"). Скулпторите во Куманово не се многубројни како сликарите и графичарите, но со своите дела заслужуваат соодветно внимание. Вредно за едно пошироко претставување пред македонската публика. Работејќи на нивото на своите колеги од постоечкиот македонски скулпторски потенцијал. Притоа пристапувајќи како класични скулптори или како концептуални креатори, кумановските автори и покрај скромната продукција, сите овие изминати години даваа значаен придонес во обликувањето на вкупната слика за остварувањата во современата македонска скулптура, било да се работеше за експонирања во групни или самостојни проекти. Дел од нив постигнаа значајни резултати и на меѓународната ликовна сцена покажувајќи дека се во тек со најновите уметнички тенденции и размислувања за местото и улогата на скулпторот во 21-от век.

Условите за работа, обезбедувањето на материјали и самиот "живот" на штотуку створените дела треба да се точки на кои треба да се работи напорно во идниот период доколку постои желба за остварување на еден авторски континуитет, Задача во чие решавање треба да се вклучат самите скулптори, институции од областа на културата, уметнички асоцијации, здруженија на граѓани и др. Изложбата "Кумановски скулптори 2008" во организација на Националната установа Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово, потпомогната од Министерството за култура на Република Македонија само во еден краток временски период ќе ги актуелизира скулпторите и нивното творештво без можност за некои подолгорочни програмски проекции. Но и една ваква изложба не е без значење посебно кога се работи за шест автори кои покажуваат во своите дела силна индивидуалност, творечки капацитет и идентитет. Се надеваме дека публиката со своето присуство ќе даде поддршка на изложбата која ќе биде презентирана во неколку града и на тој начин ќе ни даде до знаење дека и некои наши идни напори во оваа насока нема да бидат залудни.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

Издавач: Нациоанлна установа - Центар за култура “Трајко Прокопиев“ - Куманово
За издавачот: Роберт Павлевски
Организација и фотографии: Роберт Цветковски
Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски
Печати: “Киме-Граф“ Куманово

Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија